ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Датум: 28 јули 2016

# СООПШТЕНИЕ

## Зголемено користењето на електронските услуги
## 21,127 осигуреници досега ги искористиле електронските услуги

Во рамки на унапредување и олеснување на комуникацијата помеѓу Фондот за здравствено осигурување и осигурениците, фирмите и здравствените работници, овозможивме сет од електронски услуги на порталот на Фондот со кои на брз, лесен и ефикасен начин осигурениците можат да ги остварат своите законски права без притоа да мораат да доаѓаат на шалтерите на ФЗОМ.

Од воведувањето на електронските услуги, осигуреници, овластени лица и здравствени работници ги искористиле овие електронски услуги и поднеле барање од своите домови или работни места по електронски пат за остварување на одредено право. Во прилог подолу табела со најкористени електронски услуги на Фондот.

| | |
|---|---|
| Заверка на ортопедски помагала | 16973 |
| Барање за БПО | 1099 |
| Извештаи за спреченост при работа | 1654 |
| Предлог за оцена на привремена спреченост за работа | 1437 |

Најкористена електронска услуга е за заверка на ортопедски помагала, која **16973** осигуреници ја искористеле и поднеле документи преку матичните лекари и лекарите специјалисти по електронски пат. Придобивките од електронските услуги кои ги воведе Фондот за здравствено осигурување се бројни и за осигурениците и за фирмите и за здравствените работници, при што нема трошење на време и финансиски средства за да се оди до подрачната служба на Фондот. Можноста за увид во сопствениот предмет, дали истиот е позитивно или негативно решен и кога ќе биде извршена исплатата доколку се работи за рефундација на средства е исто така една од бројните придобивки од електронските услуги.

Би сакале во оваа прилика да ги охрабриме осигурениците и компаниите и здравствените работници да ги користат електронските услуги на Фондот.  За поедноставно и точно информирање кои се потребните чекори и како да се користи електронската услуга, Фондот изготви видео туторијали, кои се краток и едноставен водич како чекор по чекор за начинот како да се користат електронските услуги на Фондот.

Видео туторијалите се објавени на веб страницата на Фондот на следниов линк:
http://www.fzo.org.mk/default.asp?ItemID=03745AB41443004A8EAB9A0105914B95

Или на линкот на Фондот на you tube:
https://www.youtube.com/channel/UCXc5Hr1czS6RKf8-4CDFRVA

Фондот продолжува да работи на остварување на целта, е-Фонд, со цел осигурениците, овластените лица од компаниите, здравствените работници да добиваат ефикасна, навремена и професионална услуга кога истата им е потребна.